OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 38 став 1 точка 9 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 28.5.2019 година, донесе

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**
**за назначување друштво за ревизија на работењето на**
**Охридска банка АД Скопје во календарската 2019 година**

1. За друштво за ревизија на работењето на Охридска банка АД Скопје во календарската 2019 година се назначува друштвото *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје (*Ernst & Young*).

2. Се овластува Управниот одбор на Банката да склучи договор со друштвото за ревизија од членот 1 од оваа одлука, со кој ќе се определат обемот, условите и надоместокот за извршената услуга.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. ___________**
**28.5.2019 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

____________________

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со Законот за банките и со Статутот на Банката, на своето годишно собрание Банката избира друштво за ревизија на нејзиното работење.

Предлогот за избор на друштво за ревизија го дава Одборот за ревизија на Банката, а го одобрува Надзорниот одбор на Банката.

Банката е должна да ја извести Народната банка за назначувањето на друштвото за ревизија во рок од 15 дена од денот кога го определила.

Во согласност со членот 105 став 5 од Законот за банките, истото друштво за ревизија може да изврши најмногу пет последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на една банка.

На седницата одржана на 27.2.2019 година Одборот за ревизија на Охридска банка АД Скопје предложи друштвото *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје (*Ernst & Young*) да изврши проверка и оцена на годишните финансиски извештаи и трговски книги на Банката за календарската 2019 година.

Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје на седницата одржана на 27.2.2019 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на друштво за ревизија на работењето на Банката во 2019 година и го достави до Собранието на Банката.